ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА

# ПЛАН ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ

Финален – ќе се обновува периодично во текот на развој на проектот

Изградба на Експресен пат А3 од Косел до граничен премин Љубаништа

Секција: Охрид – Пештани

Технички број 107/2013

ЧАКАР & ПАРТНЕРС
КОНСАЛТИНГ – ИНЖЕНЕРИНГ – МАРКЕТИНГ

Скопје, октомври 2014

**Содржина**

**КРАТЕНКИ** ..... 2

1. Вовед ..... 3

2. Опис на проектот ..... 3

3. Правна и политичка рамка ..... 6

   3.1. Македонска правна рамка ..... 6

   3.2. Рамка на политиката на ЕБОР ..... 9

4. Идентификација на заинтересираните страни на проектот ..... 10

5. Претходни активности за вклучување на заинтересирани страни ..... 16

6. План за вклучување на заинтересираните страни ..... 22

   6.1. Пристап кон заинтересираните страни ..... 22

   6.2. План за вклучување на заинтересирани страни ..... 24

   6.3. Објавување и достапност на документацијата ..... 29

7. Механизам за поплаки ..... 30

8. Известување ..... 31

9. Контакти информации и одговорност за имплементација на ПВЗС ..... 31

Прилог 1: Образец за жалби ..... 33

Прилог 2: Мапа на планираниот пат (Секција Охрид - Пештани) ..... 34

**КРАТЕНКИ**

SEETO -South East Europe Transport Observatory (Транспортна обсерваторија на Југоисточна Европа)

ПВЗС - План за вклучување на заинтересирани страни

ОВЖС - Оцена на влијанијата врз животната средина

ОВЖСОА - Оцена на влијанијата врз животната средина и општествените аспекти

СОЖС - Стратешка оцена на животната средина

ЈПДП - Јавно претпријатие за државни патишта

МЖСПП - Министерство за животна средина и просторно планирање

ЕБОР - Европска банка за обнова и развој

КР - Критериуми за реализација

АД - Акционерско друштво

АПР - Акционен план за раселување

РМ - Република Македонија

НВО - Невладини организации

МТВ - Министерството за транспорт и врски

ЈУНПГ - Јавна установа Национален парк Галичица

ЈП - Јавно Претпријатие

ЖС - Животна Средина

НТР - Не-техничко резиме

РЕР - Рамка за експропријација и раселување

## 1. Вовед

Јавното претпријатие за државни патишта (ЈПДП) планира да ја изгради новата патна делница „Охрид – Пештани“ („Проектот“) од А3 експресниот пат Косел - граничен премин Љубаништа (Република Албанија). Оваа делница е дел од клучната национална транспортна мрежаи е категоризирана како државен пат – А3.

Проектот е дел од Национална стратегија за транспорт (2007-2017) и од Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државните патишта за 2014 на ЈПДП. Проектот го изработува ЈПДП имајќи го предвид просторно планирање и законските барања на Република Македонија и оние на Европската банка за обнова и развој (ЕБОР). ЕБОР ја разгледува можноста за обезбедување на заем за финансирање на Проектот.

Овој документ е План за вклучување на заинтересирани страни (ПВЗС) за Проектот, каде што се опишани планираните консултативни активности со заинтересираните страни и процесот на нивното вклучување.

## 2. Опис на проектот

Главната цел на овој проект е да го надгради магистралниот пат А3, посебно потегот од Охрид до Пештани. Дел од патот се поврзува со А3 од крајот на улицата Карпош Војвода, во непосредно во близина на електричната подстаница Охрид, и со делот кај раскрсницата Р1301 Пештани на селото Пештани. Надградба на овој дел од трасата ќе обезбеди подобрување на транспортни врски, дополнителен капацитет, побезбедно средина за патување и ќе обезбеди економска корист за локалната и пошироката заедница. Областа на Охридското Езеро е популарна туристичка дестинација, важна за економскиот развој на регионот и има повеќе хотели, пешачки патеки и излетнички места.

Проектот вклучува изградба на нов пат преку патот сегмент ги поврзуваат населените места Охрид и Пештани, види слика 1 и Анекс 2 Должината на новата делница е околку 12,5 километри, иако доколку се прават модификации во дизајнот, истата може да се промени.

**Слика 1:** Мапа на локација на проектот




Патот ќе биде широк 11.4m и ќе има вкупно четири ленти (по две во секоја насока). Типичен пресек на патот е прикажан на Слика 2.

**Слика 2:** Типичен пресек на патот, вкупни ширини (во m)




Патот ќе биде на поставен на повисока надморска височина од постојниот крајбрежен пат и населбите и истиот ќе минува низ дел од Националниот парк Галичица, паралелно со западната граница, види Слика 3.




**Слика 3:** Мапа на проектната област со локација на населбите и границите на Националниот парк Галичица *(*

*Извор: План за управување со Национален парк Галичица за периодот 2010-2020)*

Според тековниот План за управување, Националниот парк Галичица е поделен на четири зони и патот поминува низ две зони: зоната за активно управување (претставена со зелена боја на Слика 3) и зоната за одржливо користење (жолта боја). Сепак, во тек е процес на ревизија на Планот за управување. Овој процес го води Јавната установа Национален парк Галичица (ЈУНПГ) и истиот вклучува консултации со засегнатите страни и објава на предлозите (веќе реализирани во јануари 2014 година), како и Стратегиска оцена на животната средина на ревидиран План за управување, за кој, исто така, ќе се одржат консултации со јавноста и процес на објава на податоци во јавноста.

Патот ќе помине близу до населени места кои се наоѓаат помеѓу падините на планината Галичица и Охридското Езеро. Од излезот на Охрид, патот ќе помине над селата Рача, Свети Стефан, Долно Коњско, Лагадин, Елешец и Пештани, како и под селата Велестово, Шипокно, Горно Коњско и Елшани. Растојанието на соодветните села од почетокот на патот се прикажани подолу на Табела 1.

**Table 1:** Оддалеченост од излезот на Охрид[1]

[1] Во насока на добивање на прецизни податоци како „излез на Охрид“ се смета бензинската станица на Макпетрол.

| Населба | Далечина (km) | Население (Попис 2002) |
|---|---|---|
| **ВЕЛЕСТОВО** | 4.3 km | 53 |
| **ДОЛНО КОЊСКО** | 5.4 km | 551 |
| **ЕЛЕШЕЦ** | 8.1 km | 69 |
| **ЕЛШАНИ** | 10.3 km | 590 |
| **КОЊСКО** | 9.6 km | 22 |
| **ЛАГАДИН** | 6.9 km | 20 |
| **ПЕШТАНИ** | 10.8 km | 1326 |
| **РАЧА** | 1.5 km | 1043 |
| **СВЕТИ СТЕФАН** | 3.8 km | 112 |
| **ШИПОКНО** | 4.9 km | 5 |
| **ОХРИД** | 0 km | 42033 |

*(Извор: Вебсајти на Google Maps и Државен завод за статистика)*

Поголемиот дел од земјиштето што треба да се одзема е во државна сопственост. Сепак, еден дел од земјиштето кое им припаѓа на локалните жители делумно се користи за земјоделски активности (лозја и/или бавчи). Земјоделски активности се поддршка на приходите на локалните жители, кои главно доаѓаат од услужниот сектор.

## 3. Правна и политичка рамка

Имплементацијата на Проектот ќе ја следи рамката на закони и прописи на Република Македонија (РМ), како и соодветните политики и стандарди на ЕБОР.

### 3.1. Македонска правна рамка

Правната рамка применлива на овој проект е сумирана во следната табелата.

**Табела 2:** Македонска правна рамка за вклучување на заинтересирани страни

| Законодавно подрачје / Фаза на Проектот за обезбедување на дозволи | Клучни закони | Резиме на барањата за вклучување на заинтересираните страни |
|---|---|---|
| Подготовка на проектната документација и со нив поврзаните стратешки студии (вклучително и Просторните планови и Стратешките оцени на животната | Закон за урбанистичко и просторно планирање (Службен весник на РМ, бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 70/13, 42/14); | Едно од основните начела на процесот на планирање и уредување на просторот е обезбедувањето на јавност во постапката за донесување и спроведување на плановите. За обезбедување на јавност, советите формираат партиципативно тело коешто ги пренесува ставовите, мислењата и потребите на граѓаните и правните лица, кое ги следи состојбите во планирањето преку давање иницијативи, насоки и сугестии за изготвување на плански решенија за соодветната општина. Во партиципативното тело, покрај претставниците од советот, од општинската администрација, истакнатите стручни лица од областа на |

| Законодавно подрачје / Фаза на Проектот за обезбедување на дозволи | Клучни закони | Резиме на барањата за вклучување на заинтересираните страни |
|---|---|---|
| средина) | | урбанистичкото планирање, учествуваат и претставници од здруженија на граѓани и граѓани од подрачјето на општината. Општината спроведува јавна презентација и јавна анкета. За спроведената јавна презентација и јавна анкета, стручна комисија формирана од градоначалникот изработува извештај. Врз основа на извештајот, комисијата писмено го известува секое лице кое поднело анкетен лист со образложение за прифаќање или не прифаќање на неговите забелешки или предлози. При вршењето на надзорот на спроведувањето на овој закон органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот го следи остварувањето на јавноста во работата на општините, општините во градот Скопје и на градот Скопје, особено од аспект на редовно, навремено и потполно известување на граѓаните за работите утврдени со овој закон. |
| | Закон за животна средина (Службен весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14) и релевантни подзаконски акти (Службен весник на РМ, бр. 74/05, 109/09, 36/12 и 44/13); | Органите на државната управа и органите на општината се должни да објават информации за Проектот и да овозможат учество на јавноста во донесувањето на одлуките коишто се однесуваат на состојбата на животната средина, како и да обезбедат изјаснување на јавноста за постапката за донесување на тие одлуки. Документите и студиите за оцена на влијанието врз животната средина треба да и бидат достапни на јавноста на соодветни места, а воедно законот предвидува и одржување на јавни расправи, во коишто може јавноста да учествува и да се произнесе во однос на истата. |
| | Закон за градба (Службен весник на РМ, бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 150/13, 163/13, 27/14, 28/14); | Јавноста се вклучува во фаза на планирање на изработка на инфраструктурен проект. Органот на управата мора да ги информира општините и јавноста за побарувањата на земја. Засегнатите страни имаат право да изнесат свое мислење, забелешки и барања, коишто соодветно ги прифаќаат и вградуваат во конечниот проект. Забелешките и барањата коишто не може да се прифатат треба соодветно да се образложат и за тоа да ги информираат засегнатите страни. |
| | Закон за пристап до информации од јавен карактер (Службен | Слободен пристап до информации од јавен карактер имаат сите правни и физички лица, како и странски правни и физички лица. Секое правно и физичко лице може да |

| Законодавно подрачје / Фаза на Проектот за обезбедување на дозволи | Клучни закони | Резиме на барањата за вклучување на заинтересираните страни |
|---|---|---|
| | весник на РМ, бр. 13/06, 86/08, 06/10, 42/14); | побара информација без дискриминација и може да побара пристап до информации усно, писмено или електронски. Секој барател има право на пристап на информација од имателот на информации. |
| | Закон за постапување со претставки и жалби<br><br>(Службен весник на РМ, бр. 82/2008, 13/13) и Правилникот за начинот на постапување по претставки и предлози (Службен весник на РМ, бр. 2/09) | Според Уставот, секој граѓанин има право да поднесува претставки до државните органи и другите јавни служби, па следствено на тоа и да му биде одговорено. Релевантниот орган мора да определи овластено лице или организациона единица за постапување по претставките и предлозите. Доколку подносителот не добие одговор, тој може да се обрати до Народниот правобранител на РМ. Спроведувањето на овој закон врши Министерството за информатичко општество и администрација. |
| Одземање на земјиште<br><br>(Експропријација) | Закон за експропријација (Службен весник на РМ, бр. 95/12, 131/12, 24/13, 27/14); | Сопствениците на земјата мора да бидат консултирани за експропријацијата. ЈПДП ќе ги сноси трошоците а сопствениците на земјиштето ќе го добијат надоместокот предвиден со закон (надомест само во пари). И корисниците на земјата (кои не се сопственици) мора да бидат консултирани. Според националното законодавство, корисниците на земјата коишто немаат сопственички права не се консултираат и не постои можност да добијат компензација. |
| ОВЖС[2] и постапка за добивање одобренија | Закон за животна средина (Службен весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14); | Јавноста треба да биде вклучена во секоја фаза на Студијата за оценка на влијанијата врз животната средина (ОВЖС) и сите донесени одлуки во текот на овој процес треба да бидат објавени во соодветните медиуми според законските барања. Ова важи за следново:<br>• Известување за намерата за спроведување на проектот;<br>• Одлука за утврдување на потребата (скрининг) за спроведување на постапката за ОВЖС;<br>• Одлука за утврдување на обемот на Студијата за ОВЖС;<br>• Објава за достапноста на Студијата за ОВЖС; |

[2] Забелешка – Во Македонија , терминот е ОВЖС, додека терминот ОВЖСОА се почесто се користи меѓународно, вклучително и кај ЕБОР.

| Законодавно подрачје / Фаза на Проектот за обезбедување на дозволи | Клучни закони | Резиме на барањата за вклучување на заинтересираните страни |
|---|---|---|
| | | • Не-техничко резиме за Студијата за ОВЖС;<br>• Извештај за соодветноста на Студијата за ОВЖС;<br>• Решение за добивање на согласност или одбивање на барањето за спроведување на Проектот;Право на поднесување на жалба на одлуките според релевантното национално законодавство. |
| Градежна дозвола (Дозвола за градба) | Закон за градба (Службен весник на РМ, бр. 130/09,<br><br>124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 150/13, 163/13, 27/14, 28/14); | Одобрувањето на Студијата за ОВЖС е предуслов за одобрување на инфраструктурни проекти.<br><br>Решението за Студијата за ОВЖС, градежната дозвола и другите документи и дозволи се објавуваат во електронска форма. Правните и физичките лица имаат право во рок од 15 дена да поднесат жалба за градежната дозвола, после издавање на истата.<br><br>Дозвола за градба издава Министерството за транспорт и врски доколку нема приговори од Јавниот правобранител или другите засегнати и заинтересирани страни за истата.<br><br>Органот на управата е должен да ги разгледа и да одговори на забелешките. |

## 3.2. Рамка на политиката на ЕБОР

Овој проект, според Политиката за заштита на животната и општествената средина на ЕБОР, е определен како проект од **А категорија** и се оценува според Критериумите за реализација на ЕБОР (КР) содржани во Политиката[3].

Проектот треба да ги исполни барањата за вклучување на заинтересираните страни и јавно консултирање, специфицирани во Политиката за заштита на животната и општествената средина (2008) на ЕБОР, нејзината Политика за информирање на јавноста и Критериумите за реализација (КР). Овој План за вклучување на заинтересираните страни е изработен во согласност со КР 10 (Информирање и вклучување на заинтересираните страни) на Политиката. ЕБОР го разгледува

[3] http://www.ebrd.com/pages/research/publications/policies/environmental.shtml

вклучувањето на заедницата како основа за успешно управување со ризиците и влијанијата врз заедниците засегнати од проектите, како и основа за зголемување на користа на заедницата.

## 4. Идентификација на заинтересираните страни на проектот

Во досегашниот развој на Проектот, ЈПДП ги дефинира следните групи на заинтересирани страни:

- Оние коишто се директно засегнати од Проектот, односно преку физичка преселба или одземање на земјиште;
- Оние коишто се индиректно засегнати од Проектот, односно преку економска раселување, вознемирување или влијание врз средствата и услугите итн.
- Други заинтересирани страни.

Специфичните заинтересирани страни на проектот се наведени во табелата подолу, заедно со нивните контакт детали и предложениот пристап на консултација со нив.

**Табела 3: Идентификација на заинтересираните страни на проектот**

| *Група на заинтересирани страни* | *Заинтересирани страни – Засегнати страни* | *Контакт информации / Население* | *Цел на комуникација* | *Метод на комуникација* |
|---|---|---|---|---|
| Население од населените места каде што ќе минува патот | Велестово | 53 | Информирање за карактерот и времетраењето на Проектот, потенцијалните влијанија врз животната средина, за општествените и економските влијанија.<br><br>Создавање можности заедницата да биде активно вклучена во подготовката или реализацијата на Проектот.<br><br>Обезбедување на информации за механизмот за поплаки. | Информирање преку медиумите (објави);<br><br>Групни средби со претставници од домаќинствата.<br><br>Директна комуникација со жителите, претпријатијата итн.<br><br>Комуникација преку огласни табли (поставени во засегнатите населби) со поставување на известувања коишто се однесуваат на Проектот.<br><br>Директно информирање преку лице за контакт или лице одговорно за имплементирање на ПВЗС.<br><br>Забелешка: во ОВЖСОА и општественото истражување ќе биде направена идентификација на ранливите групи. |
| | Долно Коњско | 551 | | |
| | Елешец | 69 | | |
| | Елшани | 590 | | |
| | Коњско | 22 | | |
| | Лагадин | 20 | | |
| | Охрид | 42033 | | |
| | Пештани | 1326 | | |
| | Рача | 1043 | | |
| | Свети Стефан | 112 | | |
| | Шипокно | 5 | | |
| Сопственици на земјиште и средства | Локално население и локални компании | Сеуште непознато – Податоците ќе бидат познати по изработка на Елаборатот за експропријација | Планирање и имплементирање на целите на Акциониот План за Раселување (АПР), вклучително и обезбедување информации и овозможување на консултации за пристап до земјиштето, одземањето и експропријација, како и компензацијата. | Средба со сопствениците, интервјуа лице во лице пред почетокот на изградба на патот. |

| *Група на заинтересирани страни* | *Заинтересирани страни – Засегнати страни* | *Контакт информации / Население* | *Цел на комуникација* | *Метод на комуникација* |
|---|---|---|---|---|
| Бизнис заедници | Локални и национални претпријатија, посебно претпријатија и индивидуални бизниси од локалниот туристички сектор | Сеуште непознато – ќе биде опишано во оцената на општествените влијанија | Обезбедување информации за планираните градежни активности и охрабрување за имплементација на самоорганизирачки мерки за адаптација од самите претпријатија. | Средба со претставниците и сопствениците.<br>Огласи во локалните и националните медиуми. |
| Работници<br>Инвеститор<br>Претставници на синдикати | Директни вработени | / | Да обезбеди информации за политиката на човекови ресурси, механизмот за поплаки, здравје и безбедносни процедури, Кодот на однесување, мерките за ублажување од ОВЖСОА и механизмот за поплаки на ПВСЗ. | Индивидуални средби или внатрешни работнички состаноци.<br>Месечен билтен, комитет за безбедност при работа, огласни табли.<br>Информации од контролорите и инспекторите на терен. |
| Изведувачи | Градежна/-и Компанија/-ии<br>Подизведувачи<br>Добавувачи | / | Информирање за стандардите и очекувањата до осврт на заштита на животната средина, здравјето и безбедноста при работа, пристапот и интеракција со заедницата. | Кратка комуникација за работничкиот Код на однесување, имплементација на стандардите за здравје, безбедност и заштита на животната средина, мониторинг на имплементација на механизмот за поплаки. |
| ***Македонски владини институции*** | | | | |

| *Група на заинтересирани страни* | *Заинтересирани страни – Засегнати страни* | *Контакт информации / Население* | *Цел на комуникација* | *Метод на комуникација* |
|---|---|---|---|---|
| **Министерства** | Министерство за транспорт и врски | ул. Црвена Скопска Општина 4<br>1000<br>Скопје, Македонија<br>Тел:02/3145-497, 3123-292<br>Факс:02/3126-228<br>www.mtc.gov.mk | Планирање, подготовка и одобрување на проектната документација и имплементација на Проектот.<br>Одобрување на инфраструктурниот проект;<br>Издавање дозвола за градба за проектот. | Официјална коресподенција |
| | Министерство за животна средина и просторно планирање | бул. Гоце Делчев,<br>Зграда на МРТВ,<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел:02/3251-400;<br>Факс:02/3220-165<br>www.moepp.gov.mk<br>info@moepp.gov.mk | Планирање и подготовка на техничка документација поврзана со аспектите на животната средина.<br>Известување за ОВЖС студија, барања за обемот и ОВЖС задача. Објава и конечно одобрување на ОВЖС студија.<br>Разгледување и договарање за конечната траса на патот, вклучувајќи какви било промени на Националниот план за управување со паркот.<br>Водење разговори поврзани за локацијата како дел од Светското наследство на УНЕСКО и назначувањето за Човеков и биосферен резерват. | Официјална коресподенција<br>Средби |

| *Група на заинтересирани страни* | *Заинтересирани страни – Засегнати страни* | *Контакт информации / Население* | *Цел на комуникација* | *Метод на комуникација* |
|---|---|---|---|---|
| | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | ул. Аминта Трети, 2<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел:02/3134-477;<br>Факс:02/3230-429<br>www.mzsv.gov.mk<br>info@mzsv.gov.mk | Процес на пренамена на земјата (од земјоделско во градежно земјиште). Овој процес го води Министерството за транспорт и врски во рамките на постапката за одобрување на проектот за инфраструктура. | Официјална коресподенција |
| | Министерство за култура;<br>Управа за заштита на културното наследство | ул. Ѓуро Ѓаковиќ 61,<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел:02/3289-703<br>Факс:02/3289-777<br>contact@uzkn.gov.mk<br>www.uzkn.gov.mk | Водење разговори и барање на одобрувања поврзани со УНЕСКО (Место со Светско наследство и назначувањето за Човеков и биосферен резерват), осигурувајќи притоа дека Министерството за култура како домаќин на националната УНЕСКО комисија ги информирало сите релевантни страни за овој Проект.<br>Информирање за процедурата за археолошки пронајдоци, за идентификација и конзервација на културното наследство. | Официјална коресподенција |

| Група на заинтересирани страни | Заинтересирани страни – Засегнати страни | Контакт информации / Население | Цел на комуникација | Метод на комуникација |
|---|---|---|---|---|
| | Министерство за економија | ул. Јуриј Гагарин 15,<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел:02/3093-408<br>www.economy.gov.mk<br>info@economy.gov.mk | Информирање за економскиот, структурниот и техничко – технолошкиот развој и разговарање за мерки за остварување на развојната и тековната економска политика во областа на производството, трговијата, туризмот, угостителството и занаетчиството | Официјална коресподенција |
| | Министерство за труд и социјална политика<br><br>Државен инспекторат за труд | бул. Партизански одреди 48а,<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел:02/3116-110<br>Факс:02/3224-504<br>www.dit.gov.mk | Информирање за проектот, ризиците по здравјето и безбедноста, и пристапот во управување со истите. | Официјална коресподенција |
| ***Локална власт/институции*** | | | | |

| ***Група на заинтересирани страни*** | ***Заинтересирани страни – Засегнати страни*** | ***Контакт информации / Население*** | ***Цел на комуникација*** | ***Метод на комуникација*** |
|---|---|---|---|---|
| | Општина Охрид | ул. Димитар Влахов 57 6000 Охрид, Македонија<br><br>Тел:046/262-492, 262-493<br>Факс:046/262-545<br><br>administracija@ohrid.gov.mk<br>www.ohrid.gov.mk | Обезбедување информации за активностите на проектот планирани во рамките на границите на општината. Таа има интерес во успешната реализација на проектот, бидејќи проектот содржи одредени активности кои обично се финансирани од страна на општината (подобрување на локални патишта) | Официјална коресподенција<br><br>/ средби |
| | Јавна установа Национален парк Галичица | ул. Велестовски пат, бб 6000 Охрид, Македонија<br><br>Tel/ Факс:046/261-473,<br><br>www.galicica.org.mk<br>galicica@galicica.org.mk | Дискусија и согласност за финалната линија на патот, вклучително и останатите промени во Планот за управување со паркот, како и средствата за ублажување на влијанијата врз пејзажот.<br><br>Водење разговори поврзани за локацијата како дел од Светското наследство на УНЕСКО и назначувањето за Човеков и биосферен резерват.<br><br>Дискутирање на Оценката на влијанијата врз Критичните Хабитати и Менаџмент планот за биодиверзитет и согласност за мерките за ублажување и мониторинг поврзан со заштита на животната средина и биодиверзитетот во неа. | Официјална коресподенција /<br><br>средби |

| ***Група на заинтересирани страни*** | ***Заинтересирани страни – Засегнати страни*** | ***Контакт информации / Население*** | ***Цел на комуникација*** | ***Метод на комуникација*** |
|---|---|---|---|---|
| | Националната УНЕСКО комисија / Национални претставници | Министерство за култура Национална комисија за УНЕСКО за ПЈР Македонија<br>ул. Ѓуро Ѓаковиќ 61,<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел:02/3240-500<br>Факс:02/3240-920 http://www.kultura.gov.mk | Дискутирање на прашања и импликации поврзани за Светското наследство на УНЕСКО и предлогот за назначување за Човеков и биосферен резерват. | Официјална коресподенција / средби |
| | Институт за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид | ул. Боро Шаин, 10<br>6000 Охрид, Македонија<br>Тел:046/262-498<br>Факс:046/231-300<br>zimohrid@t-home.mk | Усогласување со процедурата за Археолошки пронајдок.<br>Согласност за процедурата за идентификација и конзервација на локалното културно наследство во текот на изградбата. | Официјална коресподенција |

| Група на заинтересирани страни | Заинтересирани страни – Засегнати страни | Контакт информации / Население | Цел на комуникација | Метод на комуникација |
|---|---|---|---|---|
| | Проаква Охрид | Водовод Охрид<br>ул. Железничка, бб<br>6000 Охрид, Македонија<br>Тел:046/ 250-120, 250-121<br>Факс:046/ 250-123<br>javnost@vodovod-ohrid.com.mk | Согласност за прашања поврзани со водоснабдување на Општината Охрид | Официјална коресподенција |
| | ЈП Охридски Комуналец | ул. Нов расадник бб<br>6000 Охрид, Македонија<br>тел/Факс:046/263-325<br>ohridkom@t-home.mk<br>www.ohridskikomunalec.com.mk | Согласност со прашања кои го третираат управувањето со отпад во Општина Охрид. | Официјална кореспонденција / средби |
| ***Невладини и други организации*** | | | | |

| *Група на заинтересирани страни* | *Заинтересирани страни – Засегнати страни* | *Контакт информации / Население* | *Цел на комуникацијa* | *Метод на комуникацијa* |
|---|---|---|---|---|
| **Национални еколошки и социјални НВОи** | Македонско еколошко друштво | бул Кузман Јосифовски Питу 28/3-7,<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел:(02) 2402 773,<br>Факс:(02)2402 774<br>Моб: 078 393 436<br>contact@mes.org.mk | Информирање на локалните НВОи за проектните активности.<br><br>Дискутирање за клучните прашања кои се однесуваат на локалната заедница (ранливи групи) и на локалната животна околина. | Средби / јавни консултации / медиуми / информации на вебсајт |
| | Движење на екологисти на Македонија (ДЕМ | ул. Васил Ѓоргов 39, барака 6, 1000 Скопје, Македонија<br>Тел: (02) 3220-520<br>dem@dem.org.mk<br>ruska@dem.org.mk | | |

| ***Група на заинтересирани страни*** | ***Заинтересирани страни – Засегнати страни*** | ***Контакт информации / Население*** | ***Цел на комуникација*** | ***Метод на комуникација*** |
|---|---|---|---|---|
| | Центар за истражување и информирање за животната средина „Еко-свест“ | бул. 11 Октомври 125/12, 1000 Скопје, Македонија<br>Тел:(02) 3217-247<br>Факс:(02) 3217-246<br>Моб: 072 726-104<br>info@ekosvest.com.mk | | |
| | Фронт 21/42 | Орце Николов 83А,<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел/Факс:(02) 3122-546<br>Моб: 075 433-231<br>contact@front.org.mk | | |
| | Македонски зелен центар | Коста Новаковиќ 1А/19, 1000 Скопје, Македонија<br>Тел/Факс:(02) 6132-432<br>Моб : 078 205 217<br>zeleni@zeleni.org.mk | | |

| ***Група на заинтересирани страни*** | ***Заинтересирани страни – Засегнати страни*** | ***Контакт информации / Население*** | ***Цел на комуникација*** | ***Метод на комуникација*** |
|---|---|---|---|---|
| | Друштво за заштита и проучување на птиците | ПМФ – Гази Баба бб,<br>1000 Скопје, Македонија<br>02/3117-055; 078/254-736<br>brankom@ukim.edu.mk | | |
| | Здружение за заштита на бувови | ул. Јуриј Гагарин 28-5/3, 1000 Скопје, Македонија<br>070/999-859<br>macedonian.owl.trust@gmail.com<br>www.macedonianowltrust.org.mk | | |

| *Група на заинтересирани страни* | *Заинтересирани страни – Засегнати страни* | *Контакт информации / Население* | *Цел на комуникација* | *Метод на комуникација* |
|---|---|---|---|---|
| **Локални еколошки и социјални НВОи** | Здружение на акцијаши „Брег на младоста“ - Охрид | ул. Живко Чинго 96<br>Охрид, Македонија<br>078 / 313 270;<br>075 / 777 537;<br>075/ 994 183<br>breg_na_mladosta_ohrid@yahoo.com | Информирање на локалните НВОи за проектните активности.<br><br>Дискутирање за клучните прашања кои се однесуваат на локалната заедница (ранливи групи) и на локалната животна околина. | Средби / јавни консултации / медиуми / информации на вебсајт |
| | Здружение за заштита на животните „Анималиа“ - Охрид | ул. Стив Наумов 16<br>Охрид, Македонија<br>Тел: 071 584566 | | |
| | Еколошко друштво „Јагода“ - Охрид | ул. Ванчо Николески бб<br>Охрид, Македонија<br>046/266-270<br>070/331-946<br>edjagodaoh@yahoo.com<br>www.spkmagaro.com | | |

| ***Група на заинтересирани страни*** | ***Заинтересирани страни – Засегнати страни*** | ***Контакт информации / Население*** | ***Цел на комуникација*** | ***Метод на комуникација*** |
|---|---|---|---|---|
| | Младински совет Охрид | бул. „Туристичка“ бб,<br>Градски пазар Охрид<br>Охрид, Македонија<br>Тел: 046/ 252-925<br>mladinskisovet_oh@yahoo.com<br>www.mso.org.mk | | |
| | НВО Форца Египќани - Охрид | ул. Гоце Делчев 62<br>Охрид, Македонија<br>Tel. 076 886810 | | |
| | Спортски планинарски клуб „Магаро“ - Охрид | ул. Димитар Влахов 52<br>Охрид, Македонија<br>070/391-243<br>046/ 252-925<br>www.spkmagaro.com | | |

| **Група на заинтересирани страни** | **Заинтересирани страни – Засегнати страни** | **Контакт информации / Население** | **Цел на комуникација** | **Метод на комуникација** |
|---|---|---|---|---|
| | Агенција за локална демократија | ул. Димитар Влахов 52<br>Охрид, Македонија<br>Tel / Факс:046/261-290; 261298 | | |
| | Здружение на еколошки фармери – Гица инкубатор - Охрид | ул. Железничка бб,<br>Охрид, Македонија<br>Тел/ факс: 046/231-782<br>eko-agro.ohrid@gica.com.mk<br>www.ekoagro.com.mk | | |
| | Здружение за наука, култура и уметност „Св. Климент Охридски“ - Охрид | ул. Живко Чинго 12<br>Охрид, Македонија<br>Тел:070/802-263 | | |
| | Еколошко друштво „Грашница“ - Охрид | ул. Димитар Влахов 60<br>Охрид, Македонија<br>075/842385<br>info@grasnica.org<br>www.grasnica.org | | |

| ***Група на заинтересирани страни*** | ***Заинтересирани страни – Засегнати страни*** | ***Контакт информации / Население*** | ***Цел на комуникација*** | ***Метод на комуникација*** |
|---|---|---|---|---|
| | Здружение на жени „Бисера“ | ул. Димитар Влахов 8<br>Охрид, Македонија<br>Тел:070/939-741<br>bisera@gmail.com | | |
| | Туристичко друштво -асоцијација на Охрид „Билјана“ | ул. Партизанска бб,<br>Охрид, Македонија<br>Тел:070/684-428<br>biljanaturisam@yahoo.com | | |
| | Здружение на Египќаните во Македонија | бул. Туристичка бб<br>Градски пазар Охрид<br>6000 Охрид, Македонија<br>Тел/ Факс: 078 266033<br>zdruzenie.egipcanite@yahoo.com<br>http://zem2009.googlepages.com | | |

| ***Група на заинтересирани страни*** | ***Заинтересирани страни – Засегнати страни*** | ***Контакт информации / Население*** | ***Цел на комуникација*** | ***Метод на комуникација*** |
|---|---|---|---|---|
| Заштита и безбедност | Заштита и безбедност при работа, во рамките на градежната комора, Сојуз на стопански комори | Сојуз на стопански комори<br>ул. Прашка 23<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел/Факс: 02/3091-440<br>http://www.sojuzkomori.org.mk/<br>info@sojuzkomori.org.mk | Информирање за проектните активности, и покана за коментирање по истите, доколку има. | Средби / јавни консултации / медиуми / информации на вебсајт |
| | Македонско здружение за заштита при работа | ул. 29 Ноември 50,<br>1000 Скопје, Македонија<br>Тел:+389 (0)2 2774 868<br>www.mzzpr.org.mk | | |

## 5. Претходни активности за вклучување на заинтересирани страни

Проектот за експресен пат Охрид - Пештани се развива веќе повеќе години. За целиот овој приод реализирани се разни консултации со заедницата и останатите заинтересирани страни. Консултации спроведени како дел од стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), се евидентираат во документот СОЖС [http://www.roads.org.mk/]. Консултациите одржани за време на процесот на ОВЖСОА, ќе бидат внесени во ОВЖСОА и истите ќе бидат објавени во септември 2014 година. Табелата 4, подолу, дава преглед на претходните активности за ангажирање на заинтересираните страни. Како што е прикажано на Табела 4, консултациите со засегнатите страни доведоа до воведување на одредени промени во проектот, а со цел за намалување на негативните влијанија и подобрување на придобивките на заедница.

**Табела 4: Претходни активности за вклучување на заинтересирани страни**

| Заинтересирана страна | Датум | Метод | Прашање | Резултат |
|---|---|---|---|---|
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 04.04.2014 | Официјална коресподенција | Потврда за прифаќање на СОЖС | Препорака за доследно спроведување на мерките наведени во извештајот за СОЖС. |
| Претставници на Елшани | 24.03.2014 | Официјална коресподенција | Барање за средба со ЈПДП во врска со проектното решение; загриженост за пристапот до Елшани | Одговор во прогрес |
| Печатен медиум на македонски јазик (Нова Македонија) | 21.03.2014 | Оглас | Јавен повик за објавување на СОЖС | Оглас |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 21.03.2014 | Официјална коресподенција | Коригиран извештајот за СОЖС поднесен на одобрување | / |
| Претставници на Шипокно и Свети Стефан | 22.01.2014 | Официјална коресподенција | Барање за пристапен пат до земјоделското земјиште | Коментарите се прифатени од дизајнерот на проектот и истите ќе |

| Заинтересирана страна | Датум | Метод | Прашање | Резултат |
|---|---|---|---|---|
| | | | | бидат вметнати во финалното решение.<br><br>За да се задржи пристапот до земјоделското земјиште, постојните патишта околу Шипокно, Коњско и пристапниот пат до Рача - Свети Стефан се уште ќе бидат достапни за употреба. Исто така, неколку премини ќе бидат воспоставени во рамките на новиот пат, во вид на подвозници кои ќе овозможуваат пристап до земјиштето преку патот. Тие ќе бидат од корист и на Шипокно и Свети Стефан |
| Жители на Долно Коњско | 16.01.2014 | Официјална коресподенција | Молба за создавање пристап до нивното земјиште/ниви каде некои мештани чуваат пчели или стока. | Одговорот е испратен на 20.02.2014, информирајќи ги заинтересирани жители дека барањето било испратено на проектантот.<br><br>Проектантот одговори на 19.02.2014 и го прифати барањето и овозможи два подвозници со цел да се овозможи пристап. |
| Претставници на Елшани | 15.01.2014 | Официјална коресподенција | Барање за овозможување директен пристап до автопатот од селото Елшани. | Одговорот испратен на 07.02.2014 потврдува дека директна врска помеѓу новиот А3 пат и населбата Елшани е |

| Заинтересирана страна | Датум | Метод | Прашање | Резултат |
|---|---|---|---|---|
| | | | | планиран на 18 км + 575, како што беше побарано. |
| Општина Охрид | 13.01.2014 | Официјална коресподенција | Израз на загриженост за можните негативни влијанија и загуба на природните убавини кои се наоѓаат во Националниот парк Галичица, како и можни прекини на вода за пиење за градот Охрид, како и загадување на подземните води за време на градежните работи. | Загриженоста е прифатена. Овие загрижености ќе бидат решени во текот на проектирање. |
| Претставници на локалната заедница и релевантните владини институции | 26.12.2013 | СОЖС Консултации со јавност | Презентација на Извештајот за СОЖС.<br>Загриженост дали новиот пат ќе го блокира пристапот до локалните ниви / полињата / парцели;<br>Се однесува на процесот на информирање на луѓето кои ќе ги загубат земјиште / имот;<br>Интерес за предложените крстосници кои ќе овозможат лесен пристап помеѓу постојните населби и патот;<br>Интерес за можното ограничување на | Записникот од состанокот дистрибуиран до сите поединци вклучени во дизајнот на проектот во секоја фаза на проектот, како и нивна објава на веб страницата на ЈПДП и МЖСПП. |

| Заинтересирана страна | Датум | Метод | Прашање | Резултат |
|---|---|---|---|---|
| | | | брзината за камиони; Дали овој пат ќе создаде сообраќаен метеж во текот на туристичката сезона итн. | |
| Печатен медиум на македонски јазик (Нова Македонија) | 21.12.2013 | Оглас | Јавен повик за презентација на СОЖС | Објавен оглас |
| Печатен медиум на албански јазик (Koha) | 21.12.2013 | Оглас | Јавен повик за презентација на СОЖС | Објавен оглас |
| Јавна установа Национален парк Галичица | 22.11.2013 | Официјална коресподенција | Барање информација за прогресот во процедурата за промена на Планот за управување со Националниот Парк Галичица | Одговорот е примен на 05.12.2013, каде што се опишува правната процедура за промена на тековниот План за управување |
| Министерство за животна средина и просторно планирање | 03.10.2013 | Официјална коресподенција | Извештај за опсегот на СОЖС поднесен за одобрување | Одговорот е примен на 15.10.2013. Извештајот за опсегот е прифатен и ќе биде објавен на интернет, заедно со Одлуката за подготовка на СОЖС. |
| Јавна установа Национален парк Галичица | 05.07.2013 | Официјална коресподенција | Барање за мислење за предложената линија на планираниот пат | Одговорот е примен на 12.07.2013. ЈУНПГ наведува дека предложената линија влегува во зоната за активно управување на шест локации, со вкупна должина од 3100m. Делумно овие навлегувања се протегаат по должината на западната граница на |

| Заинтересирана страна | Датум | Метод | Прашање | Резултат |
|---|---|---|---|---|
| | | | | зоната за активно управување, додека некои 1700m од планираниот пат продираат подлабоко во зоната, во длабочина од 150 - 220m. |
| Јавна установа Национален парк Галичица | 01.02.2013 | Официјална коресподенција | Изразен институционален интерес и мислење за предложената линија на планираниот пат | Изразена подготвеност за активен придонес во реализацијата на планираните проекти. ЈУНПГ, исто така, насочува кон инстанците за решавање на можните институционални несогласувања во перцепцијата на одговорноста за овој проект. |
| Јавна установа Национален парк Галичица | 13.12.2012 | Средба | Презентација на проектот | Дискусија за можните влијанија на проектираниот пат (вклучително влијанијата врз пејзажот и можните средства за да се ублажат овие) |
| Општина Охрид (Сектор за урбанизам и заштита на животната средина | 26.09.2012 | Официјална коресподенција | Барање на официјална информација за опсегот на урбанизираната зона во проектната областа | Одговорот е примен на 26.09.2012. Истиот дава препорака за создавање на крстосници на експресен пат кои ќе им служат на локалните населени места. |
| Национална установа Институт | 13.09..2012 | Официјална коресподенција | Барање на официјална информација за | Официјален одговор добиен на 01.11.2012 |

| Заинтересирана страна | Датум | Метод | Прашање | Резултат |
|---|---|---|---|---|
| и Музеј Охрид | | | регистрирано заштитеното културно наследство во проектната област | |
| Министерство за култура;<br>Управа за заштита на културното наследство | 13.09.2012 | Официјална коресподенција | Барање на официјална информација за регистрирано заштитеното културно наследство во проектната област | Официјален одговор добиен на 19.09.2012 |
| ГА-МА АД (Оператор за пренос на гас) | 11.09.2012 | Официјална коресподенција | Барање на официјална информација за постојната инфраструктура долж проектната област | Официјален одговор добиен на 04.10.2012 |
| Министерство за одбрана | 11.09.2012 | Официјална коресподенција | Барање на официјална информација за постојната инфраструктура долж проектната област | Официјален одговор добиен на 30.10.2012 |
| Општина Охрид | 11.09.2012 | Официјална коресподенција | Барање на официјална информација за постојната инфраструктура долж проектната област | Официјален одговор добиен на 17.10.2012 |
| Јавно претпријатие Македонски Железници - Инфраструктура | 11.09.2012 | Официјална коресподенција | Барање на официјална информација за постојната инфраструктура долж проектната област | Официјален одговор добиен на 18.09.2012 |

| Заинтересирана страна | Датум | Метод | Прашање | Резултат |
|---|---|---|---|---|
| Македонски Телеком АД | 11.09.2012 | Официјална коресподенција | Барање на официјална информација за постојната инфраструктура долж проектната област | Официјален одговор добиен на 18.09.2012 |
| МЕПСО АД | 11.09.2012 | Официјална коресподенција | Барање на официјална информација за постојната инфраструктура долж проектната област | Официјален одговор добиен на 04.10.2012 |
| Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 11.09.2012 | Официјална коресподенција | Барање на официјална информација за постојната инфраструктура долж проектната област | Официјален одговор добиен на 18.09.2012 |
| Министерство за внатрешни работи | 11.09.2012 | Официјална коресподенција | Барање на официјална информација за постојната инфраструктура долж проектната област | Официјален одговор добиен на 02.10.2012 |

# 6. План за вклучување на заинтересираните страни

## 6.1. Пристап кон заинтересираните страни

Активностите околу вклучувањето на засегнатите страни ќе продолжат и во текот на изградбата на Проектот. ЈПДП разви стратегија која ја опишува фреквенцијата и предложениот метод на ангажман со секоја од групите на заинтересирани страни. Оваа стратегија е вклучена во табелата подолу. Од особено значење е важноста на консултации со следниве чинители.

*Консултации поврзани со Националниот парк и Светско наследство но и резерват на Човек и Биосфера на УНЕСКО:*

ЈПДП посебно ќе ангажира со Јавната установа Национален парк Галичица, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за култура и УНЕСКО, а во врска со интеракцијата за Проектот со Националниот парк, Светско наследство на УНЕСКО, и резерватот Човек и Биосфера. Овие консултации треба да бидат формално одржани, вклучувајќи ги мислењата, грижите и одобренијата од овие тела.

ЈПДП треба да побара писмено известување од Министерството за култура кое ќе потврди дека Министерството има добиено известување за проектот, а тие соодветно го известиле УНЕСКО.

*Прекугранични консултации*

ЈПДП треба формално да го извести МЖСПП околу потребата за прекугранични консултации со заинтересирани страни од Република Албанија околу Проектот и можните прекугранични влијанија, посебно прашања поврзани со светското културно наследство и Охридското Езеро. ЈПДП и МЖСПП треба да утврдат какви консултации се потребни и како тие ќе се спроведуваат, имајќи ги во предвид принципите зацртани во ESPOO Конвенцијата. ЈПДП треба да развие информативен леток на албански јазик за дистрибуција при консултации со Република Албанија или албанските заинтересирани страни.

*Ангажман со ранливите групи;*

Во ОВЖСОА и социјалното истражување, идентификацијата ќе се реализира од било кои посебно ранливи групи што би можеле да бидат засегнати со овој Проект, или имаат некаков интерес. ЈПДП (или нивните консултанти за социјални/ ЖС / заинтересирани страни) ќе состават листа на ранливи групи и ќе идентификуваат дали треба да се преземе некој посебен чекор или пристап за соодветно да се информираат истите за проектот, како и да се слушне и разгледува нивната загриженост. Ова може да вклучува;

- Одржување на конкретни консултации за одредена група на луѓе во одредена област;
- Одржување на консултации на одреден јазик;

- Создавање на проектна информација во одредена формат (на пр. Брајово писмо или аудио формат за слепи лица) или одреден јазик (вклучително знаковен јазик, за глуви лица)

*Ангажман со жените:*

ЈПДП, исто ќе утврди дали постои било каква потреба за жените да бидат консултирани на одреден начин, на пр. доколку во некои области се потребни само консултации за жените, или ако консултациските активности треба да се прилагодат на одредено време од денот за да им се овозможат на жените да присуствуваат. Во составувањето на програмата за консултации, ЈПДП (или нивните консултанти) ќе побараат совет од жените во проектната област, и според нивните потреби ќе направат распоред за консултации.

*Ангажирање на албански јазик:*

ПДП ќе идентификува каде значителен дел од заинтересираните страни зборуваат албански јазик, и ќе организира материјалите да бидат објавени на албански јазик (на пр. летоци со информации за проектот), како и одржување на консултации на албански јазик каде што се смета дека ставовите на локалното говорно подрачје ќе се правилно комуницирани.

*Назначување на Лице за врски со заедницата*

ЈПДП ќе го разгледа назначувањето на едно посветено Лице за врски со заедницата кое ќе ги координира консултациите со локалните и законските заинтересирани страни.

### 6.2. План за вклучување на заинтересирани страни

Следните табели го претставуваат акциониот план за вклучување на заинтересираните страни во остатокот од 2014 и 2015 година, вклучувајќи и подготовка за градежната фаза, како и за процесот на откуп на земјиштето. Акциониот план ќе се обновува напоредно со текот на Проектот, но и како што се појавуваат нови прашања. Табелите ги вклучуваат методите на ангажирање предложени за секоја група на заинтересирани страни.

**Табела 5: Активности поврзани со јурисдикција на Националниот парк /УНЕСКО**

| Бр. | Задача | Целна група на заинтересирани страни: | Временски рамки и предложен метод за вклучување |
|---|---|---|---|
| 1. | **Информирање за Проектните планови**<br><br>ЈПДП да биде сигурна дека страните се информирани за деталите на Проектот, вклучително и линијата на минување, потребата за одземање земјиште, проекциите за сообраќај, веројатните влијанија врз биодиверзитетот, пејзажот, заедниците, квалитетот на водата, воздухот итн.<br><br>ЈПДП да побара писмена потврда од ЈУНПГ, Министерство за Култура и УНЕСКО дека информацијата е примена.<br><br>ЈПДП треба да побара коментарите и грижите да бидат писмено поднесени.<br><br>ЈПДП треба да побара од МЖСПП дали се потребни прекугранични консултации. | Јавна установа Национален парк Галичица (ЈУНПГ), Министерство за култура, Национален комитет на УНЕСКО и Министерство за животна средина и просторно планирање | Октомври2014<br><br>Официјална коресподенција и последователни средби. |
| 2. | **Објавување на ОВЖС**<br><br>ЈПДП да биде сигурна дека ОВЖС е доставена до сите страни, штом нацрт верзијата е готова. | Јавна установа Национален парк Галичица (ЈУНПГ), Министерство за култура, Национален комитет на УНЕСКО и Министерство за животна средина и просторно планирање | Штом нацрт верзијата на ОВЖС се поднесе до МЖСПП за разгледување. На почетокот од 30 дневниот период за јавна достапност. |
| 3. | **Консултации/Објава на СОЖС на Планот за управување со Националниот парк Галичица**<br><br>ЈПДП ќе присуствува на јавната расправа и консултациите поврзани со СОЖС при ревизија на Мастер Планот за Националниот Парк | Сите страни присутни на јавните расправи при ревизија на Планот за управување на НПГ | Проценет период ноември/ декември 2014.<br><br>*Забелешка: ЈУНПГ е одговорна за овој процес.* |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Галичица, како и да ги забележува коментарите и загриженостите.<br><br>ЈПДП да побара копија од СОЖС и копија од записникот на средбата. | | |

### Табела 5: Активности поврзани со процесот на ОВЖС

| Бр. | Задача | Целна група на заинтересирани страни: | Временски рамки и предложен метод за вклучување |
|---|---|---|---|
| 1. | **Консултации за студијата за ОВЖС**<br><br>МЖСПП да ги организира потребните консултации потребни за студијата за ОВЖС, вклучувајќи консултации со локалните заедници, локалната власт и други заинтересирани страни, да собере информации (пр. за услугите на екосистемот, локалната економија, локалните пристапни потреби, користење на земјиште, обезбедување на приходи итн.) и да ги прифатат коментарите и поплаките адресирани во СОВЖС.<br><br>ЈПДП да побара консултантот за ОВЖС да изработи форма за повратен одговор за да им овозможи на загрижените страни да коментираат за проектот. Формата може да се поднесе на консултативните средби, јавната расправа, или преку пошта до консултантите на ЈПДП. | МЖСПП, другите легислативни тела, Локалната власт, локалните бизниси, локалната заедница и населението. Други заинтересирани или потенцијално засегнати страни. | Во тек на студијата за ОВЖС (јули - септември 2014) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2. | **Јавна расправа по ОВЖС**<br>МЖСПП да организира формална јавна расправа за нацрт студијата за ОВЖС.<br>Најмалку една јавна расправа треба да биде организирана во Проектната област.<br><br>*Забелешка: Оваа/-ие расправа/-и треба да бидат огласени во најмалку еден национален весник на македонски и еден весник на албански јазик и треба да бидат огласени и во проектната област на двата јазика.*<br>*ЈПДП, УНЕСКО , Министерството за култура, еколошките НВОи и сите кои учествуваа во претходните консултации, треба да бидат поканети.* | МЖСПП, другите легислативни тела, Локалната власт, локалните бизниси, локалната заедница и населението. Други заинтересирани или потенцијално засегнати страни.<br>Јавна установа Национален парк Галичица (ЈУНПГ), Министерство за култура, Национален комитет на УНЕСКО и Министерство за животна средина и просторно планирање<br>Сите страни кои ќе присуствуваат на јавните расправи при ревизија на Планот за управување на националниот парк Галичица.<br>Сите друг заинтересирани страни | |

**Табела 6: Активности поврзани со одземање земјиште**

| Бр. | Задача | Целна група на заинтересирани страни: | Временски рамки и предложен метод за вклучување |
|---|---|---|---|
| 1. | **Локални консултации за процесот на одземање земјиште**<br>Консултирање со локално засегнатите страни за потребите на процесот на одземање земјиште, вклучително експропријација на земјиште и потребите | Сопственици /корисници на земјиштето / жители во објектите / сопственици засегнати од процесот на одземање земјиште, но и во непосредна близина на проектната област. | септември - ноември 2014 – Јавни средби и консултации (имплементација на социо-економско истражување) |
| | | Засегнати бизниси од процесот на одземање земјиште | септември - ноември 2014 – Јавни средби и консултации |
| | | Дополнителни консултации со ранливите групи од засегнатите локални заедници, идентификувани | септември - ноември 2014 – индивидуални консултации |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | за обезбедување привремен пристап, итн. | во социо-економско истражување. | |
| | | Консултации со националните авторитети (Државен правобранител) за парцелите што треба да се одземаат, вклучително и обезбедување информации за сопствениците на земјиштето, процесот на експропријација, и предлогот за компензација. | ноември - декември 2014 |

**Табела 7: Активности во текот на градежната фаза**

*Забелешка – овој акционен план треба да биде обновен пред почеток на градежните активности и ревидиран по потреба во тек на имплементација на Проектот.*

| Бр. | Задача | Целна група на заинтересирани страни: | Временски рамки и предложен метод за вклучување |
|---|---|---|---|
| 1. | **Обезбедување на обновените информации за процесот на изградба**<br><br>Обезбедување на обновените информации за проектот и објаснување за временските рамки на изградба, областите кои ќе бидат засегнати, можните непријатности, контакт информации на изведувачот и ЈПДП за поплаки и грижи. | Сопственици /корисници на земјиштето / жители во објектите / сопственици засегнати од процесот на одземање земјиште, но и во непосредна близина на проектната област. | Септември - ноември 2014 – Јавни средби и консултации (имплементација на социо-економско истражување) |
| | | Засегнати бизниси од процесот на одземање земјиште | Септември - ноември 2014 – Јавни средби и консултации |
| | | Дополнителни консултации со ранливите групи од засегнатите локални заедници, идентификувани во социо-економско истражување. | Септември - ноември 2014 – индивидуални консултации |
| | | Општина Охрид | Септември - ноември 2014. Официјална коресподенција за средби, консултации, информациони табли итн. |
| | | Национални авторитети | Септември - ноември 2014. Официјална коресподенција за имплементација на националниот закон за животна средина, консултации итн. |

### 6.3. Објавување и достапност на документацијата

ЈПДП има за цел на јавноста да и ги обезбеди сите релевантни информации. Почнувајќи од октомври 2014 година, сите заинтересирани и засегнати страни ќе можат да ги најдат следните документи на веб страницата на ЈПДП (www.roads.org.mk) и веб страницата на ЕБОР (www.ebrd.com). Истите ќе бидат достапни на македонски и англиски јазик, и тоа:

- Студија за оценка на влијанието врз животната средина (ОВЖС)
- Не-техничко резиме (НТР)
- План за вклучување на заинтересирани страни (ПВЗС), со вклучен Механизам за поплаки
- Рамка за експропријација и раселување (РЕР)

Дополнително, отпечатени верзии на овие документи ќе бидат достапни на следниве локации:

- ЈПДП во Скопје *[Даме Груев 14, 1000 Скопје, Република Македонија]*
- Општина Охрид [*Димитар Влахов 57, 6000 Охрид, Република Македонија*]

Овие документи ќе бидат достапни на јавноста се додека трае реализацијата на Проектот. ПВЗС ќе се ажурира повремено.

Сите информации во врска со овој проект ќе бидат достапни на веб страната на ЈПДП. Покрај тоа, огласи ќе бидат објавени во весниците Вечер (на македонски јазик) и Коха (на албански јазик), најмалку една недела пред почетокот на процесот на објава на ОВЖСОА и градежните активности. Сите огласи на ЈПДП и другите објави се публикуваат во овие весници, а кои се достапни низ цела Македонија. Соопштенија испратени до преку електронските медиуми (радио, интернет и телевизија), исто така, ќе ги покрие активностите во областа на проектот, барем недела пред почетокот на планираните активности. Изведувачот на влезот на сите засегнати населба ќе постави информативни табли, кои ќе служат како медиумска алатка / канал за комуникација со локалните жители. Информации во врска со механизмот за поплаки, исто така, ќе бидат вклучени (види подолу).

Заинтересираните страни, вклучувајќи ја и јавноста, ќе бидат во можност да го користат механизмот за поплаки. Исто, информации поврзани со постапка за жалба ќе бидат широко распространети во засегнатите општини и засегнатите локални заедници. Постапка за жалба ќе биде дистрибуирана до октомври 2014 година.

За времетраење на проектот, ЈПДП и Изведувачот/-ите ангажирани во реализација на проектот ќе продолжат со процесот на вклучување на заинтересираните страни, а

ПВЗС ќе биде ажуриран за да го одрази напредокот во проектот. ПВЗС ќе се ажурира пред започнување на изградбата; прашањата покренати во текот на процесот на изградба ќе бидат документирани и одговорот ќе се обезбеди преку механизмите опишани во Акциониот план на ангажманот.

## 7. Механизам за поплаки

ЈПДП и Изведувачот/-ите ќе ги прифати сите коментари и поплаки поврзани со проектите, поднесени усно или во писмена форма. ЈПДП прифаќа дека консултациите се тековен процес и дека различни проблеми може да се појават при делот на откуп на земјиштето и фазата на изградба.

Примерок од Формата за јавна жалба од проектот е даден во Анекс 1. Секое лице или организација може да испрати коментари и / или поплаки лично, по телефон, по пошта или e-mail на контакт информациите дадени на крајот од документот.

Одговорно лице за канализирање на сите видови на поплаки од заинтересираните страни во врска со овој проект (освен оние покренати од страна на вработените и изведувачите) е:

Г-ѓа **Билјана Тодорова**, Сектор за правни работи

Тел:+ 389 (0)2 3118-044 ext.119

Факс:+ 389 (0)2 3220-535

email: biljanal@roads.org.mk

Адреса: **Јавно претпријатие за државни патишта**

Даме Груев 14, 1000 Скопје, Република Македонија

Како препорака, контакт информациите на канцеларијата на ЕБОР во Скопје се:

Адреса: Соравиа Центар Скопје, VII спрат

ул. Филип II Македонски бр. 3, 1000 Скопје, Република Македонија

Тел:+389 2 3297 800

Факс:+389 2 3231 238

Контакт информациите на Изведувачот ќе бидат јавно достапни на локално ниво, по негово назначување.

Формата за жалби (на македонски, албански и англиски јазик) ќе биде достапна на веб страницата www.roads.org.mk и сите засегнати општини ќе добијат претходна печатени

форми да бидат лесно достапни за јавноста. Исто така, ќе се воспостави Механизам за жалба на вработените од градежните компании (како посебен систем).

ЈПДП ќе го следи процесот на коментари и поплаки и информациите ќе бидат преточени во извештаи, кои пак ќе бидат подготвени и објавени на официјалната интернет страница. ЈПДП мора да одговори на сите жалби во согласност со постапките пропишани со националното законодавство. Во нивните жалби, заинтересираните страни може да користат правна помош обезбедена од страна на Македонското законодавство.

Време на одговор за жалби ќе биде во согласност со националното законодавство. ЈПДП ќе се обиде да го потврди приемот на жалба во рок од 5 работни дена и да одговори во рок од 15 дена од приемот на поплаката.

## 8. Известување

ЈПДП ќе објави детали за поставените прашања во текот на консултациите и ќе обезбеди соодветни повратни информации што ќе ги објави на својата интернет страница, а воедно ќе ги направи достапни во печатена форма во просториите на Општина Охрид.

Во текот на реализацијата на Проектот, ЈПДП ќе комуницира со релевантните заинтересирани страни и ќе ги информира за сите значајни прашања, како на пример, промени на крајните рокови на Проектот. ЈПДП ќе ги ажурира податоците за Проектот на својата интернет страница, а исто така ќе обезбеди и летоци за информирање на локалните заедници долж трасата.

ЈПДП ќе изготви годишни извештаи за здравјето и заштита на животната средина, а кои ќе содржат резиме за реализација на Проектот во однос на управувањето со здравјето, безбедноста, животната средина и општествените прашања. Истите ќе бидат објавени на веб-страната на ЈПДП.

## 9. Контакти информации и одговорност за имплементација на ПВЗС

ЈПДП прифаќа дека значаен ангажман со локалната заедница и другите заинтересирани страни ќе помогне во обезбедувањето на успех на Проектот. Покрај тоа, процесот на вклучување може да се искористи за добивање на коментари и предлози за Проектот, а кои може да го подобрат решението на проектот и да овозможат локална добивка. ПВЗС е тековен процес низ животниот циклус на Проектот. Одговорно лице во ЈПДП за исполнување на Планот за вклучување на заинтересираните страни е:

Г-дин Јоже Јовановски, Раководител на Одделение за заштита на животна средина и социјални аспекти

Тел: + 389 (0)2 3118-044, лок. 135

Факс: + 389 (0)2 3220-535

email: j.jovanovski@roads.org.mk

Адреса:

**Јавно претпријатие за државни патишта**

Даме Груев 14, 1000 Скопје, Република Македонија

За време на подготовка на ОВЖС, контакт лице за консултации е:

Г-дин Константин Чакаровски

Чакар и Партнерс

Народен Фронт 5/IV/9

1000 Скопје, Република Македонија

Тел: ++389(0)23112361

Факс: ++389(0)23221004

Моб.: ++389(0)70274072

Email: cakarp@t-home.mk

## Прилог 1: Образец за жалби

### Образец за јавни жалби

| | |
|---|---|
| **Приемен број:** | |
| **Име и презиме** | |
| **Контакт информации:**<br><br>Ве молиме наведете како сакате да бидете контактирани (пошта, телефон, е-пошта) | □ Пошта: Ве молиме наведете поштенска адреса:<br>____________________________________<br>____________________________________<br>□ Телефон:<br>____________________________________<br>□ е-пошта<br>____________________________________ |
| **Преферирни јазик за комуникација** | □ [Македонски]<br>□ [Друг:______________________] |
| | |
| **Опис на жалбата:**<br>Што се случило? Каде се случило? Кому се случило? Што е резултат на проблемот? | |
| | |
| **Дата на жалбата** | |
| | □ Еднократен инцидент/жалба (дата ______________)<br>□ Се случило повеќе од еднаш (колку пати? _____)<br>□ Тековен проблем |
| | |
| **На кој начин би сакале да се реши проблемот?** | |
| | |
| Потпис: ________________________ | Датум: ______________ |

**Ве молиме образецот доставете го до:**

**Билјана Тодорова**

**тел:** + 389 (0)2 3118-044 ext.119

**факс:**+ 389 (0)2 3220-535

**е-пошта**: biljanal@roads.org.mk

***Јавно претпријатие за државни патишта***

ул. Даме Груев бр.14

1000 Скопје, Македонија

**Прилог 2: Мапа на планираниот пат (Секција Охрид - Пештани)**




(Извор: *Google Maps*)